# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „Е-ПРАКТИКУМ ПО ТУРИСТИЧКИ ДЕСТИНАЦИИ“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р НИКОЛА В. ДИМИТРОВ И ДОЦ. Д-Р ТАЊА АНГЕЛКОВА-ПЕТКОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Врз основа на член 52 од Законот за високо образование („Сл. весник на РМ“ бр.35/08, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10 и 17/11 год.), а во согласност со точка 6 од Правилата за издавање учебници и учебни помагала на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип (Универзитетски гласник бр. 19/2011 и бр. 21/2011), Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика - Гевгелија на 141. седница, одржана на 7.10.2015 година, донесе Одлука број 2102-486/21 за избор на рецензенти за издавање е-практикум „Практикум по Туристички дестинации“ по наставниот предмет Туристички дестинации.

За рецензирање на ракописот **„Практикум по Туристички дестинации“** од авторите **проф. д-р Никола В. Димитров** и **доц. д-р Тања Ангелкова-Петкова** се избрани следниве рецензенти:

- д-р Златко Јаковлев, вонреден професор и
- д-р Цане Котески, вонреден професор.

По прегледот на приложениот ракопис „Практикум по Туристички дестинации“ од авторите проф. д-р Никола В. Димитров и доц. д-р Тања Ангелкова-Петкова, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Општи податоци за ракописот***

Ракописот „Практикум по Туристички дестинации“ е компатибилен со Наставната програма по предметот Туристички дестинации, што се изучува на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, на прв циклус студии во V семестар на студиската програма Туризам и IV семестар на студиската програма Гастрономија, исхрана и диететика. Предметот, согласно со предвидената студиска програма, е задолжителен со фонд на часови 3+2+2 и се вреднува со 8 кредити.

***Податоци за обемот на ракописот***

Ракописот е напишан на стандарден македонски јазик во А4 формат, нормален проред, фонт Ariel, македонска поддршка и големина на буквите 12. Се состои од 12 практични вежби распоредени на 30 страници, при што секоја вежба е во согласност со Наставната програма по предметот Туристички дестинации. Предложениот обем по содржина ги задоволува пропишаните критериуми за издавачка дејност. Ракописот е наменет првенствено за студентите од Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, но и за сите студенти од останати факултети на кои се изучува предметот Туристички дестинации.

***Податоци за постоење на сличен или ист наслов***

Ракописот за кој се дава мислење е прво самостојно авторско дело на авторите. Според тоа, потребата за објавување на поднесениот ракопис за е-практикум е според пропишаната Наставна програма по Туристички дестинации и согласно со интересите на студените.

***Краток опис на содржината***

Ракописот започнува со *Вовед* во кој е даден краток осврт на значењето на туристичките дестинации, посочена е предвидената основна и дополнителна литература, како и преглед на содржините кои се обработени во рамките на практикумот.

Вежбата бр. 1 е насловена *Правила за изработка на проектна задача и предлог-теми*. Во неа се прикажани стандардите за изработка на проектна задача и надополнети со листа на предлог теми за изработка на проектна задача.

Вежбата бр. 2 е насловена *Основни карактеристики и развој на туристичката дестинација*. Обработени се визијата, мисијата и целите на туристичката дестинација. Студентите треба да си изберат туристичка дестинација и да го објаснат (да ги опишат фазите) животниот циклус на истата, со помош на примерот за Дојран и Дојранско Езеро.

Вежбата бр. 3 е насловена *Животен циклус на Дојран и Дојранско Езеро*. Познавајќи ги фазите на животниот циклус во Дојран и Дојранско Езеро како туристичка дестинација студентите треба да објаснат и напишат до каде е стигнат развој на туризмот во Дојран и Дојранско Езеро.

Вежбата бр. 4 е насловена *Модел на животен циклус на туристичката дестинација*. Во оваа вежба е даден пример за Тенерифе како атрактивна туристичка дестинација. Дадени се повеќе примери и студии на случај за животен циклус на повеќе туристички дестинации. Од студентите се бара да направат модел на животен циклус на одредена туристичка дестинација по нивен избор.

Вежбата бр. 5 е насловена *Менаџмент на туристичката дестинација*. Објаснето е што е менаџмент на туристичка дестинација. Се бара да се набројат функциите на менаџментот во туристичката дестинација и да ги опишат.

Вежбата бр. 6 е насловена *Идентитет, имиџ и брендирање на туристичката дестинација*. Се дефинираат поимите Идентитет, имиџ и брендирање на туристичките дестинации, потоа се дадени повеќе примери за истите (преку слики и линкови). Еден од начините на кој дестинацијата го сигнализира нејзиното позиционирање и предноста над конкурентите е создавањето на различна слика за брендот. Брендирањето ја идентификува дестинација и ја прави различна од оние на конкуренцијата со употреба на името на брендот, логото, дизајнот на пакувањето, рекламата и начинот на продажба. Студентите треба да направат истражување и анализа на одредена туристичка дестинација по нивен избор, преку нејзиното позицонирање на туристичкиот пазар и креираниот идентитет и имиџ како и стекнатиот бренд.

Вежбата бр. 7 е насловена *Маркетинг и промоција на туристичката дестинација*. Маркетингот е особено важен за привлекување на туристи во посета на одредена туристичка дестинација. Студентите треба да направат истражување на одредена туристичка дестинација по нивен избор, каде што со помош на нејзините основни елементи и карактеристики ќе креираат карактеристичен туристички производ и истиот соодветно да биде управуван и промовиран. Врз основа на ова се дадени повеќе веб-страници (примери) и слики.

Вежбата бр. 8 е насловена *Организација на туризмот во туристичките дестинации*. Оваа вежба ја обработува организациската структура во одредена туристичка дестинација. Даден е пример и графички е претставена организациската структура на Хрватска како атрактивна туристичка дестинација. Студентите треба да си изберат одредена туристичка дестинација, да ја одредат организациската структура и да направат анализа на субјектите во самата дестинација.

Вежбата бр. 9 е насловена *SWOT анализа на македонскиот туризам*. Во овој дел обработена е SWOT анализа на македонскиот туризам. Студентите, преку опфаќање на интерните силни и слаби страни, како и екстерните шанси и развојни можности, односно ограничувања и опасности да направат краток преглед на туризмот во Македонија.

Вежбата бр. 10 е насловена *SWOT анализа на туристичка дестинација*. Во последната вежба, како пример, е направена SWOT анализа за Малезија и се дадени повеќе линкови со чијашто помош можат да се изработат анализи за одредени земји.

Според тие примери, студентите треба да си изберат одредена туристичка дестинација и да направат анализа на моментална состојба на туризмот во дестинацијата. Потребно е да ги согледат внатрешните и надворешните фактори на дестинацијата и да направат приказ на силите и слабостите на дестинацијата, како и можностите и заканите со кои се соочува.

Сите вежби опфатени во овој ракопис во целост ја заокружуваат предвидената Наставна програма по предметот Туристички дестинации, па оттука и соодветноста овој ракопис да може да се користи како учебно помагало е-практикум по предметот Туристички дестинации.

## З А К Л У Ч О К

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање учебно помагало е-практикум според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

Со оглед на изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логиститка при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му препорачуваме **ракописот „Практикум по Туристички дестинации“ од авторите проф. д-р Никола В. Димитров и доц. д-р Тања Ангелкова-Петкова да биде издаден како учебно помагало е-практикум.**

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т И**

**Д-р Златко Јаковлев,** *вонреден професор,*
**Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија,**
**Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, с.р.**
**Д-р Цане Котески,** *вонреден професор,*
**Факултетот за туризам и бизнис логистика - Гевгелија**
**Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, с.р.**